Здружение за медиумска писменост Планет-М Скопје

Годишен извештај за 2017 година

**За здружението за медиумска писменост Планет-М Скопје**

Здружението за медиумска писменост ПЛАНЕТ-М Скопје се занимава со помагање на младите да развијат информирано и критичко разбирање за природата на средствата за јавно информирање, на техниките кои се користат од страна на медиумската индустрија и влијанието на овие техники, како и да им обезбеди на младите можност да креираат сопствени медиумски производи.

Визијата на Здружението за медиумска писменост ПЛАНЕТ-М Скопје е преку разни форми на неформално образование да подготви нови генерации на деца и млади како успешни лидери на новите поколенија со подобрена општа состојба на младите и нивна активна вклученост општеството.

Мисијата на Здружението за медиумска писменост ПЛАНЕТ-М Скопје е да врши промоција на медиумската писменост, образиванието, културата, критичко мислење, толеранција, правото и демократијата и како и развивање на истите преку формални и неформални образовни процеси и дејствувања и вклучување на младината во нив.

Стратешки цели на Здружението се да остварува низа можности за развој на младите генерации, стекнувањето на знаење преку метод на неформално образование како и да врши промоција на креативноста на децата и младите и на нивните таленти.

Здруженито своите цели и задачи ќе ги остварува преку активностите кои ќе се реализираат преку јавни настани, фестивали, работилници, обуки, развој на содржини, јавни предавања, дебати и трибини од областите во кои работи организацијата, како и соработка со домашни и странски образовни, аудиовизуелни и стручни институции, организации и здруженија кои имаат исти или слични цели и задачи.

Здружението за медиумска писменост „ Планет-М “ го поддржува развојот на младата генерација реализирајќи активности во областа на образованието, уметноста, културата, како и човековите (детските) права и активна инворлвираност на младите во сите сегменти на нивниот раст и развој во граѓанското општество.

Мисијата на Здружението за медиумска писменост „ Планет-М “е да врши промоција на медиумската писменост, образиванието, културата, критичко мислење, толеранција, правото и демократијата и како и развивање на истите преку формални и неформални образовни процеси и дејствувања и вклучување на младината во нив.  Во насока на реализација на мисијата здружението изготвува, развива и спроведува креативни проекти и работилници кои го унапредуваат неформалното образование и културата во современото општество за поширок образовен, културен, економски и социјален развој. да им помогне да го остварат својот целосен потенцијал. Планет-М преку неформална едукација во разни сегменти ги едуцира и поддржува младите на нивниот раст, созревање како и постигнување на еднаквост и хармонија по родова, социјална, етничка, врска или било која друга основа, а со тоа кон намалување на дискриминацијата, булингот и насилството кај младите воопшто.

Главната алатка за мотивација и инволвирање на младите е филмската уметност најмногу преку Меѓународниот Филмски фестивал за млади „Џифони Македонија“ кој е гранка на најголемиот фестивал за деца и млади „Џифони Експириенс“ од Италија како и преку патувачкиот дел низ помалите градови наречен „Џифони патува“. Прикажувањто на филмови се користи за мотивирање на младите за отворена дебата на теми кои ги засегаат младите.
Значаен сегмент на активностите се меѓународна соработка и инволвирање на младите од нашата земја во разни меѓународни проекти.

Во текот на 2017 година беа реализирани главните носечки проекти на здружението:

- Џифони Македонија – Меѓународен Филмски фестивал за млади од 18-23 Октомври 2017
- Џифони Патува – патувачки фестивал за млади Тетово 22 и 23 декември 2017




**ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА МЛАДИ**

**ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2017**

**ПЕТТО ИЗДАНИЕ**

**18-23 ОКТОМВРИ**

**Тема: Во магијата на филмот**




\Петтото издание на Филмскиот фестивал за млади Џифони Македонија се одржа од 18ти до 23ти октомври 2017 во Скопје, Република Македонија во организација на Невладиниата организации Планет-М во согласност со потпишаната спогодба за соработка помеѓу Агенцијата за филм на Р. Македонија и Џифони Експириенс Италија.

Темата на фестивалот на петтото издание „Во магијата на киното“ произлезе од темата на фестивалот Giffoni Experience 2017 – “Into the Magic”, давајќи најголем фокус на целта на фестивалот Џифони Македонија да ја шири филмската култура и да ја развива младата публика, а преку филмот да ги поттикне младите на размислувања и дискусии разни теми за кои говорат филмовите.

Покрај финансиската и логистичката поддршка од Агенцијата за филм на Р. Македонија и Џифони Експириенс од Италија, успешната организација и реализација на ова издание на фестивалот не ќе беше можна без поддршката и на следниве

Институции:

- Министерство за Култура на Р. Македонија,
- Амбасада на Р. Италија во Р.Македонија,
- Кинотека на Македонија,
- Младински Културен Центар,
- Кино Милениум
- Град Скопје,
- Општина Карпош
- Општина Аеродром
- Универзитетот за аудио-визулени уметности ЕСРА

На петтото издание имавме околу седумстотини активни млади учесници од основните и средните училишта од Скопје и еден помал дел од другите градови од Македонија.

Средни училишта од Скопје:

- Јосип Броз Тито
- Раде Јовчески Корчагин
- Никола Карев
- Орце Николов
- Лазар Личеновски
- Илија Николовски - Луј
- Кочо Рацин
- Панче Арсовски
- Алгоритам центар
- Др. Панче Караѓозов
- Георги Димитров
- Васил Антевски-Дрен
- НОВА
- Yahya Kemal
- Здравко Цветковски
- Марија Кири Склодовска
- Методи Митевски – Брицо

Основни училишта од Скопје:

- Вера Циривири Трена
- Љубен Лапе
- Јан Амос Коменски
- Аврам Писевски
- Лазо Ангеловски
- Војдан Чернодрински
- Хриситијан Тодоровски Карпош
- Петар Поп Арсов
- Браќа Миладиновци
- Братство
- Видое Смилевски Бато
- Гоце Делчев
- Јохан Хајнрих Песталоци
- Лазо Трповски
- Љубен Лапе
- Невена Георгиева Дуња
- Страшо Пинџур

## ФЕСТИВАЛСКИ ЛОКАЦИИ

Главната програма на фестивалот се одржува на три локации:

| **СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ** | **ЈУНИОРИ** | **КАДЕТИ** | **СЕНИОРИ** |
|---|---|---|---|
| **Кино Милениум** | **Кинотека на Македонија** | **Кино Фросина** | **Кино Милениум** |
| МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР YOUTH CULTURAL CENTER | | МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР YOUTH CULTURAL CENTER | МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР YOUTH CULTURAL CENTER |

## СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ

Свеченото отворање на фестивалот се одржа во Градското кино Милениум на 18-ти октомври со почеток од 19:30 часот. Во преполната сала од гости, фанови, поддржувачи на фестивалот и деца од жирито свое обраќање имаа извршниот директор на Џифони Македонија Дарко Башески, креаторот и директор на Џифони Експириенс Клаудио Губитози, со своја видео порака, а на крајот, Амбасадорот на Р. Италија во Р.Македонија, неговата екселенција г-динот Карло Ромео ја поздрави публиката најпрвин на македонски, а потоа и на италијански, прогласувајќи го фестивалот за отворен и посакувајќи им на младите незаборавни денови на дружење и забава на фестивалот.




Оваа година фестивалот беше отворен со филмот „**Ловење на муви**" на младиот режисер Изер Алиу со потекло од Македонија, а во норвешка продукција. Овој филм премиерно беше прикажан на фестивалот во Торонто.
„Ловење на муви„ е топла драма за подемот и падот на еден диктаторски режим. Дејството се одвива во училница, каде во текот на еден бурен ден се запознаваме со Гани, учител со идеалистички принципи, кој останува без работа на првиот училиштен ден. Во обид да си го поврати работното место, решава да ги заклучи учениците во училницата, принудувајќи ги да го разрешат конфликтот кој со децении тлее помеѓу двете раскарани села.







По проекцијата на филмот следеше пригоден коктел под покровителство на неговата Екселенција г-дин Карло Ромео, амбасадор на Република Италија во Македонија.







## ФЕСТИВАЛСКА ПРОГРАМА НА ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2017

Петтото издание на фестивалот изобилуваше со богата филмска и едукативна програма, исполнета со забавни и едукативни активности, филмови, дискусии, работилници, гости, музика, размена на идеи, култури и пријателства што понатаму придонесе за развој на филмската и културната естетика како и за креативноста на младите, давајќи им можност да комуницираат со нивните врсници од различни делови од светот.







## ФИЛМСКА ПРОГРАМА

Филмската програма се состоеше од 16 играни филмови, 3 документарни филмови и 4 кратки играни филмови кои беа прикажани во Кинотека на Р. Македонија (Јуниори) и во Младинскиот Културен Центар (Кадети и Сениори).
Официјалната селекција имаше 15 играни филмови, по 5 филмови во секоја категорија.
Во рамките на фестивалот имаше ревијани проекции на филмови. Во ревијата **"Фокус на Р.Кореја"** беа прикажани три најдобри краткометражни филмови за млади.
Документарните филмови **Диксиленд** и **Њу Јоршкиот лофт според В. Еуген Смит** беа прикажани во соработка со Скопскиот Џез фестивал.
Краткиот филм „**Човекот зад камерата**" на режисерот Микеле ди Анџелис, поддржан и од Агенцијата за филм на РМ, беше прикажан во соработка со италијанската амбасада. По проекцијата на филмот, филмскиот критичар Енрико Магрели имаше разговор со режисерот.
Документарниот филм „**Лица**" на најмладиот режисер од Македонија Ханис Багашов, по преокцијата беше проследен со разговор со младите учесници на фестивалот.

**Филмска програма за Јуниори:**

**СОБА 213**
(Шведска) 2017, 82’
режисер: Емили Линдблом






**Планинско чудо**
**- неочекувано пријателство**
(Германија, Италија) 2017, 97’
режисер: Тобиас Виман



**ВРВЕН ШПИОН**
(Холандија) 2016, 74’
режисер: Пиетер ван Ријен






**Девојка во лет**
(Италија) 2016, 80’
режисер: Сандра Ванучи






**Помош, ја смалив учителката!**
(Германија) 2015, 90’
режисер: Свен Унтервалт помладиот






Проекциите и дискусиите за Јуниорите беа на англиски и македонски јазик. Модератор на дискусиите: Дарко Богески. Секој ден, по дискусиите, најактивните учесници се наградуваа со награди обезбедени од страна на спонзорите Витаминка како и сувенири од фестивалот Џифони Експириенс - Италија.

**Филмска програма за Кадети :**

**Летото на лејн 1974**
(САД) 2017, 97’
режисер: CJ Чиро






**Добро момче**
(Русија) 2017, 95’
режисер: Оксана Карас






**Берење јагоди**
(Шведска) 2017, 93’
режисер: Виктор Ериксон






**Девојката лавица**
(Норвешка) 2016, 120’
режисер: Вибеке Идсе






**На потешкиот начин**
(Франција) 2017, 97’
режисер: Чад Ченуга






Проекциите беа со англиски титлови, а дискусиите со Кадетите се водеа на англиски јазик.
Модератори на дискусиите: Артин Селмани и Кирил Дончов.

**Филмска програма за Сениори:**

**Светска девојка**
(Италија)  2016, 110’
режисер: Марко Даниели





**Чесен пионерски збор 3**
(Русија)  2017, 103’
режисер: Александар Карпиловскиј





**Малото пристаниште**
(Словачка, Чешка)  2017, 85’
режисер: Ивета Грофова





**Гарден лејн**
(Шведска)  2017, 109’
режисер: Олоф Спаак





**Џган**
(Македонија) 2016, 100’
режисер: Вардан Тозија





Проекциите беа со англиски титлови, а дискусиите со Сениорите се водеа на англиски јазик.
Модератор на дискусиите: Долорес Поповиќ

**Ревијална филмска програма**

**Диксиленд** (2016),
Латвија, Бразил, Украина
Режија: Роман Бондарчук



**Њу Јоршкиот лофт според В. Еуген Смит** (2015),
САД
Режија: Сара Фишко






**Човекот зад камерата** (2017),
Италија, Македонија
Режија: Микеле ди Анцелис




**Лица** (2016), Македонија
Режија: Ханис Багашов







**Фокус на Р.Кореја**

**Sudam (Story told by Hands)**, 14:57
Kim Eun-Kyung

**Early Summer**, 25:00
Yoo Yoon-Hee

**Heart Saver**, 18:13
Park Yong-Jae, Kwak Sae-Mi





## РАБОТИЛНИЦИ НА ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2016

Фестивалот за млади Џифони Македонија традиционално е проследен со повеќе работилници, поделени според соодветните возрасни категории на учесниците, породлабочувакќи го едукативниот карактер на фестивалот.

- Јуниори – 4 работилници на две локации: Кинотека на Македонија, и музичко училиште "Пијанофорте";
- Кадети и Сениори– 7 работилници во Младинскиот Културен Центар (МКЦ);







Работилниците како е дукативен елемент на Џифони Македонија и оваа година ја постигна својата цел овозможувајќи им на учесниците запознавање со различни уметнички форми и професии за релативно краток период. На ова издание на фестивалот под мотото “Во магијата на киното” на своите Јуниори им понуди четири работилници, а за Кадетите и Сениорите седум работилници.

| | Име на работилница | Предавач | категорија |
|---|---|---|---|
| 1 | Театар | Теа Беговска | Јуниори |
| 2 | Рачни изработки | Игор Јордановски | Јуниори |
| 3 | Музичка работилница | Пијанофорте | Јуниори |
| 4 | Работилница за Танц | Пијанофорте | Јуниори |
| 5 | OneTake Видео | К.Каракаш/С.Подлешанов | Кадети и Сениори |
| 6 | Анимација | Крсте Господиновски | Кадети и Сениори |
| 7 | Сценарио и креативно пишување | Кат Продукција | Кадети и Сениори |
| 8 | Едноминутен Филм | Бранко Костевски | Кадети и Сениори |
| 9 | Костимографина | Елена Максимовска | Кадети и Сениори |
| 10 | Шминка | Анастасија Јордановска | Кадети и Сениори |
| 11 | Фотографија | Сашо Алушевски | Кадети и Сениори |







Работилниците беа конципирани во различни сегменти наменети за посебни полиња на интерес на учесниците. Оваа година во категориите за кадети и сениори имаше повеќе работилници претежно базирани на филмските професии, кои што резултираа со 11 филмови произведени на работилниците за кадети и сениори, и кратки анимирани видеа кои беа направени на работилницата за анимација. На работилниците наменети за јуниорите на беа изработени рачни дела од разни материјали, а танцовата кореографија и музичката тема на разни инструменти беа изведени за време на церемонијата на свеченото затворање.





Едукативниот елемент на Џифони Македонија продолжува да го карактеризира и дефинира фестивалот. По завршување на петтото издание може да се заклучи дека фестивалот има капацитет да се развие и во по проширена и подолга програма.









**МЕЃУНАРОДНО ЖИРИ НА ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2017**

Петто издание на фестивалот се карактеризираше со зголемен интерес на младите за учество на Џифони Македонија. Еден месец пред почетокот на фестивалот местата за учество на фестивалот беа пополнети. Младите се пријавуваа преку онлајн апликација со која се пополнија сите отворени места за кадети и сениори, а дел од јуниорите се пријавуваа преку координаторите во своите учулишта. Поради преголемиот интерес одлучивме да прифатиме зголемен број на учесници во категориите кадети и сениори, а дел од јуниорите од деветто одделение беа вклучени во категоријата кадети.




Меѓународното жири ги следеше филмовите и имаше одлишни дискусии по завршувањето на секој филм, а на најактивните учесници им беа доделени награди од спонзорите и поддржувачите.

Оваа година, поради преголемиот интерес на матурантите, учениците од прва, втора и трета година беа распределени во групата на кадети, додека учениците од четвртата година од средните училишта ја составуваа групата на сениорите. Бројката на околу 700 пријавени ученици за учествуво на фестивалот го надмина бројот од пријавени од минатите години. На координаторите од училиштата со кои фестивалот соработува, им беа пратени списоците за да можат да се направи финална селекција на ученисниците.




Кај кадетите и сениорите беа пополнети сите места со самостојаната апликација, а кај јуниорите местата се дополнија со организираните групи од училиштата од Општина Карпош и Општина Аеродром.

Меѓународното жири беше составено од преку педесет млади од 11 земји од странство, и тоа: Италија, Холандија, Чешка, Русија, Грузија, Романија Азербејџан, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и Албанија, а секако и најголемиот дел млади од Македонија во групите на кадетите и сениорите. Официјалниот јазик кој се користеше за време на дискусиите и работилниците беше англискиот.





Најактивните учесници од сите категории кои најаргументирано и најелоквентно дебатираа на дискусиите се избраат како македонски претставници на Giffoni Experience 2018 во Италија.

Од оваа година на Giffoni Experience 2018 ќе одат 10 млади претставници во меѓународното жири и двајца учесници кои говорат италијански јазик на едукативниот дел од фестивалот наречен Giffoni Masterclass каде предавања држат дваесетина врвни италијански и меѓународни режисери, продуценти, актери и други експерти.



**ЈУНИОРИ**

Оваа година на фестивалот Цифони Македонија, категоријата Јуниори со над 180 учесници оваа година беше составена од ученици од дваесетина основни училишта од седмо, осмо и девето одделение во најголем дел од Скопје и од неколку градови од Македонија.



Околу шеесетина ученици аплицираа индивидуално и поголем дел од нив не потекнуваа од училишта со кои е воспоставена соработка и имаат координатори кои ги организираат учениците од своето училиште. Сите тие беа контактирани поединечно и по неколку пати пред почетокот на фестивалот. Родителите кои ги носеа и земаа децата индивидуално покажаа огромно задоволство за учеството на нивните деца на фестивалот и покрај тоа што во нивното училиште нема координатор. Наставниците – координатори од училиштата со кои е воспоставена традиционална соработка присуствуваа во текот програмата на фестивалот. Отсуството во училиштата беше регулирано со потврда за учество, која се издаваше на барање на родителот.





Активностите за Јуниорите се одвиваа во Кинотеката на Република Македонија. Децата пристигнуваа од 9 часот, а по регистрацијата од 9.30 часот им започнуваа фестивалските активности. Децата во оваа категорија секојдневно активно учествуваа во дискусиите по проекција на филмовите со нивното критичко размислување и нивните аргументирани ставови и мислења. Дискусиите по филмовите беа конструктивни, интересни и, често, прекратки за да ги искажат сите свои мислења. По проекцијата на филмот и дискусијата, имаа ужина и различни забавни активности прилагодени за нивната возраст, кои придонесуваа за нивна надградба и зближување.




Работилниците им започнуваа во 13:00 часот. Работилниците за театар и рачни изработки се одвива во Кинотеката, додека пак Музичката и танцовата таботилница беа во просториите на Музичкото училиште Пијанофорте. Нивната програма завршуваше околу 14:30-15:00 часот.









## КАДЕТИ И СЕНИОРИ

Сите пријавени учесници во категориите Кадети и Сениори аплицираа самостојно, преку пополнување на веб апликација преку која се пријавија повеќе од 600 ученици од средните училишта. Оваа година поради огромниот интерес за пријавување кој ја надминуваше бројката на капацитетот на просториите во Младинскиот културен центар, немаше потреба професорите-координатори дополнително да избираат деца кои би учествувале на фестивалот. По сугестија на професорите се додадоа некои деца кои не стигнале да се пријават.





Како и претходните години и на петтото издание на Цифони Македонија најголем дел од учениците доаѓаа од средните училишта од Скопје со кои фестивалот има веќе традиционална соработка:

- Јосип Броз Тито
- Раде Јовчески Корчагин
- Никола Карев
- Орце Николов
- Лазар Личеновски
- Панче Арсовски
- Кочо Рацин

Училиштата кои не учествуваа со свои организирани групи со наставници координатори, беа од училиштата: Илија Николовски – Луј, Алгоритам центар, Др. Панче Караѓозов, Ѓорѓи Димитров, Васил Антевски-Дрен, Интернационални училишта НОВА, Yahya Kemal, Здравко Цветковски, Марија Кири Склодовска, Методи Митевски – Брицо и Браќа Миладиновци. Исто така имаше учесници и од Тетово, Куманово, прилеп и Виница.

Учениците од овие училишта не доаѓаа со професори-координатори, но нивното присуство и вклученост во фестивалските активности беа следени од страна на тимот на Цифони. Како и кај јуниорите, сите кои побараа потврда за присуство ја добија по електронски пат.






Регистрацијата на локалното жири се одржа на 17ти октомври, еден ден пред официјалниот почеток на фестивалотна, во две смени: од 12-14 часот и од 17-19 часот. На оваа регистрација учениците ги добија своите матерјали и маички, кои требаше да ги носат постојано на фестивалските активности.




Дел до македонските Кадети и Сениори се пријавија да бидат домаќини на децата-гости од интернационалното жири кои доаѓаа од 11 различни земји и тоа:

1. Италија (12 деца во жири)
2. Холандија (4 деца во жири)
3. Чешка (4 деца во жири)
4. Русија (5 деца во жири)
5. Грузија (2 деца во жири)
6. Романија (4 деца во жири)
7. Азербејџан (4 деца во жири)
8. Бугарија (4 деца во жири)
9. Србија (4 деца во жири)
10. Босна и Херцеговина (5 деца во жири)
11. Албанија (3 деца во жири)

Гостите од интернационалното жири пристигна на 17ти октомври. Децата и нивните координатори беа пречекани од страна на претставници на тимот на Џифони Македонија и претставени на нивните фамилии-домаќини. Секоја група од деца од секоја земја беше придружувана од еден или два возрасни придружници одговорни. Најголем дел од шепероните беа сместени во Хомстел Лог Ин кој се наоѓа во МКЦ, само двете претставнички од Италија беа сместени во хотелот Холидеј ин кој е традиционален поддржувач на фестивалот Џифони Македонија со обезбедување на значаен попуст на сместувањето.






Фестивалските денови исполнети со многу активности започниваа од 9 часот со регистрација и проекции на филм од 9.30 часот по што имаше дискусија оводена од модератори. Потоа следуваше паузата со ужина обезбедена од фурна Силбо.

Попладневните часови беа резервирани за работилници по избор. За кадетите и сениорите имаше органиирано 7 различни работилници.

За оние учесници кои не беа пријавени на некоја од работилниците, имаше проекции на филмови во ревијалната програма.





Како и изминатите години, и оваа голем успех забележа заедничката вечер - Интернационална средба посветена на сите земји учеснички на фестивалот. Секоја од земјите-гости имаше приготвено маса на која беа изложени некои типични производи он нивната земја, а исто така имаше и македонска маса каде што можеа да се вкусат македонски производи. Децата од жирито имаа можност да се забавуваат во изведбите на музички нумери од разни учесници од повеќе земји.

За меѓународните гости се организираа и прошетки до Матка, Свети Памтелејмон и Стара Чаршија и др. што беше одлична можност да видат дел од убавините на нашиот град.














Последниот ден секогаш е ден за гласање  за најдобар филм во секоја од категориите. На ова издание на фестивалот изборот  за најдобар филм по категории беше следниот:

- Најдобар филм во категоријата Јуниори беше германскиот филм **Планинско чудо - неочекувано пријателство** во режисја на Тобиас Виман

- Најдобар филм во категоријата кадети беше руският филм **Добро момче** во режисја на Оксана Карас

- Најдобар филм во категоријата Сениори беше Македонскиот филм **Џган** во режисја на Вардан Тозија

Како непишана спонтана традиција меѓу младите, на последниот ден на плакатот од фестивалот собираат потписи од новостекнатите пријатели. Последниот ден е ден кога се завршуваат работилниците и се финализираат финалните трудови како нивни резултат.













**Средби со познати личности**

Оваа година беше изоставен зелениот тепих на Цифони Македонија како симулација на фестивалскиот црвен тепих, но и понатаму беа организирани средби со личности кои се истакнуваат со својата посветеност во својата уметничка професија.

Младите имаа можност да разговараат со најмладиот режисер Ханис Багашов, со актерите од филмот „Кога денот немаше име“, со италијанскиот режисер Лука Кортина и актерката Наталија Теодосиевска. Во опуштена и пријатна атмосфера имаше простор за сите прашања и сугестии. Позитивните импресии и насмевките меѓу тинејџерите беа јасен знак за задоволството од овие средби и разговори со овие познати личности.





Несомнено, нашите Џифонци ретко се наоѓаат во ситуација одблизу да ги запознаат своите идоли и ликови кои ги гледаат на малите екрани или во кино салите или пак да размислуваат за идната професија во областа на филмот или културата воопшто. Џифони Македонија е тука да им ги оствари желбите, постојано да ги поттикнува и да им приреди нови изненадувања.





## ВИДЕО ПРОДУКЦИЈА

Видео продукцијата на Џифони Македонија, за време на самиот фестивал произведуваше дневни видеа, видеа за секоја од работилниците и завршно видео кое беше прикажано на затварањето на фестивалот и потоа верзија која ќе биде поставена на Џифони страната на социјалните медиуми. Продукцискиот тим, кој работеше на овие аспекти, се состоеше од два сниматели (Борис Каески и Андреј Ѓорѓиевски) и монтажа (Марко Џамбазоски). Дополнителен видео материјал беше сниман и од фотографот Марко Марјановиќ и инкорпориран во видеата. Снимателите работеа според внимателно составен план на снимање, но беа подготвени да одговорат и на сите дополнителни и неочекувани фестивалски случувања.

Споменатите видеа, секојдневно беа поставувани на Facebook и Вимео каналите на Џифони Македонија и беа секојдневно пуштани на локација во Кинотека и Кино Фросина.



## ВОЛОНТЕРИ

Тимот на волонтери на Џифони Македонија секоја година е особено значаен во целата организациска структура за време на фестивалските денови. И ова издание не беше исклучок од тоа. На отворената пријава преку веб беа пријавени преку 40 волонтери, а триесетина волонтери работеа на фестивалот. Можеме слободно да се каже дека на овогодинешното издание располагавме со одговорни, респонзивни и активни млади волонтери кои од првиот момент си го пронајдоа своето место во тимот и во целата организација и сопствените задолженија ги завршија речиси беспрекорно. Практично од волонтерите кои волонтирале неколку години station наназад произлегуваат новите генерации во тимот на Џифони.

Волонтерите беа поделени во две групи на двете локации во МКЦ и во Кинотека. Поголемиот дел од волонтерите кои беа распределени на локацијата во Кинотеката по завршување на програмата во 15 часот доаѓаа во МКЦ каде програмата траеше и до 22 часот.





Меѓу другото, покрај обврските за време на петте фестивалски дена по локација, секој од нив беше инволвиран во најмалку две дополнителни активности кои беа составен дел од фестивалот и тоа свечено отворање и затворање (поделба на карти, пречекување на гости, делење на newsletter, изложување на изработените производи), регистрација на локални жири и брендирање, опремување на простор и придружба при екскурзијата за меѓународното жири. Волонтерите беа секогаш спремни да помогнат и асистираат во сала за време на филм и дискусија или во подготовка на самиот простор при ужинка или работилници.

## СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ

Филмскиот фестивал за млади Џифони Македонија го затвори петтото издание со завршната церемонија која се одржа на 23ти октомври во Кино Милениум од 19:30 часот каде наместо офоцијални професионални водители, церемонијата ја водеа Петар Јанкоски, Илина Митревска и Анастасија Јуруковска, тројца искусни Џифонци кои искуството го калеа во минатите изданија на фестивалот, но и како македонски претставници на Џифони Италија 2017 година. На свеченото затворање беше присутен и министерот за култура Роберт Алаѓозовски во својство на родител.








Програмата се состоеше во презентација на финалните производи и настапи подготвени од страна на младите учесници за време на петте фестивалски дена на единаесетте работилници, како и со прогласување на победничките филмови во секоја од возрасните категории и прогласување на најактивните претставници на жирито кои ќе не претставуваат во интернационалното жири во Италија на Џифони Експириенс 2018.




Јуниорите од работилниците за музика и танц под водство на Музичкото училиште Пианофорте подготвија музичка нумера на која децата свиреа на најразлични инстументи и танцов перформанс на музички теми.



Мала пиеса со голем читериесетина јуниори беше изведена на сцената на кино Милениум како резултат на театарската работилница.





Децата од работилницата за рачни изработки изготвија интересни украсни предмети во облик на магнети, броошеви, цртежи и сл. и истите беа изложени и ставени на продажба, а собраните средства донирани во домот за деца без родители "11Октомври".

Најдобрите фотографии, сценаријата како и најдобрите скици за костими беа изложени во фоајето на киното милениум.

Резултатите од сите останати работилници како можеа да се погледнат на големото платно. Беа прикажани осум кратки играни филмови од работилницата за едноминутни филмови, десет анимирани филмови од ранотилницата за анимација, а најголеми аплаузи доби видеото од работилниацат за видео во еден кадар.

На крајот од завршната церемонија беше прикажано финалното видео од последното издание на фестивалот Џифони Експириенс 2017 во Италија.

## ДОПОЛНИТЕЛНА ПРОГРАМА

Оваа година дел од дополнителната фестивалска програма беше организирана во соработка со Италијанската амбасада и Скопскиот Џез фестивал.

Во соработка со Италијанската амбасада беше организирана проекцијата на краткиот филм „**Човекот зад камерата**" на режисерот Микеле ди Анџелис, како и разговорот со филмскиот критичар Енрико Магрели.

Во соработка со Скопскиот Џез фестивал беа прикажани документарните филмови **Диксиленд** и **Њу Јоршкиот лофт според В. Еуген Смит** и презентацијата на Ичо Видмар за новата музика во Њу Јорк каде присуствуваа голем број млади заинтересирани за мусика. Ова беше интересен и успешен обид да се приближи џез музиката кон младите генерации.

На концертот на **Роберто Отавиано** исто така организиран од Италијанската амбасада и Скопскиот Џез фестивал во салата Фросина во МКЦ присуствуваа голем број на млади Џифонци.

По завршување на петтото издание на Фестивалот за Млади Џифони Македонија, фестивалот Џифони Македонија со програма ги посети и децата од домот за деца без родители "11 Октомври" со два филма соодветни на нивната возраст.

За време на проекцијата децата грицкаа СТОБИ ФЛИПС спонзорирано од Витаминка, а меѓу двете проекции има ужинка спонзорирана од фурна Силбо. На децата им беа поделени маички, торбички и пенкала од Џифони Македонија.

Ови спонзори помогнаа и во дополнителните активности во домот за деца без родители „11 Октомври" во скопје каде неколкупати беа организирани настани со проекции на филмови и дискусии. Крајот на 2017 година нашата организација се потуди овие деца и млади без родители да имаат малку подобар дочек за новата година и фурна Силбо обезбеди храна за дочекот на нивната 2018 година.






ЏИФОНИ ПАТУВА како патувачки дел од фестивалот Џифони Македонија во помалите градови од Македонија се одржа во Тетово. Планираното одржување во други градови беше пролонгирано пред се поради тоа што во текот на зимата голем проблем е греењето во центрите за култура.

Во текот на два дена преку филмската програма, дебатите и креативните активности тимот на фестивалот Џифони Македонија се стреми неформално да влијае врз едукацијата на младите во областа на филмот и културата и да ги потенцира естетските вредности на филмот, а преку дискусии на темите од филмовите ќе се поттикнат да ги развиваат способностите за дебатирање. Преку работилниците учениците имаат можност да ја развиваат својата креативност, а секако во текот на двата дена најважната работа за нив е да се дружат меѓу себе и добро да се забавуваат.

За промовирање на фестивалот и информирање на учесниците и јавноста беа печатени промотивни материјали, плакати, програми и сл., а за секој настан имаше и одделна веб промотивна кампања преку facebook.com. На сите промотивни материјали беа истакнати логоата на Агенцијата за филм, Министерството за култура и Општината во која се одржување настанот, како и логоата на поддржувачите од Италија. Секој од учесниците доби маичка и торба со логото на Џифони Македонија.

Фестивалската програма ЏИФОНИ ПАТУВА се одржува со финансиска поддршка на Агенцијата за филм на Република Македонија и Фестивалот Џифони Експириенс од Италија, во соработка со Општините и Италијанската Амбасада во Скопје.

## Џифони Патува во Тетово







На 22 и 23 декември во Тетово се одржа фестивалот Џифони Патува во средното училиште С.С.О.У. „Моша Пијаде“ – Тетово. Одржувањето на фестивалот во ова училиште беше изнајдено како решение од страна на општина Тетово бидејќи во Центарот за култура нема греење во текот на зимата, ниту пак можеше да се најде друг простор кој се грее.

Младите од четири средни училишта од Тетово кои во тек на два дена учествуваа на филмскиот фестивал за млади Џифони Патува преку филмските проекции и заедничко учество во дискусиите и работилниците кои се одвиваа на македонски и албански јазик покажаа дека не постојат бариери кај младата генерација.





Во текот на двата фестивалски дена беа прикажани два играни филма италијанскиот филм „Девојка во лет“ (La Fuga) во режија на Сандра Ванучи (Sandra Vannucchi) и холандскиот филм „Малиот ганстер“ во режија на Арне Тонен и Арнт Џек. На барање на претставниците од општината, филмовите беа титлувани покрај на македонски и на албански јазик.

Младите учесници беа запознаени со фестивалите Џифони Експириенс од Италија и Џифони Македонија и можноста за учество на овие фестивали, а беа проектирани видеа со активностите за време на овие фестивали.






По проекциите на филмовите беше развиена широка дискусија која ја водеше актерот Петрит Незири кој разговорите ги водеше на македонски и албански јазик. За време на паузите на учесниците беа поделени ужинки и производи од спонзорот Витаминка.

Во склоп на фестивалот се одржаа две работилници како начин за неформална едукација и поттикнување на креативноста кај младите.





На актерската работилница која ја водеше актерот Висар Вишка младите смислуваа актерски етиди преку кои со актерска игра и експресија се пренесуваа идеи и приказни кои ги рушат јазичните бариери.

На работилница за фотографија менторирана од страна на фотографот Роберт Јанкулоски, младите научија како да фотографираат со своите мобилни телефони и да создадат фотографии кои ќе импресионираат со визуелната експресија и композиција.





Секако, покрај преку официјалните активности во текот на двата дена, беше постигната можеби најважната работа за нив - да се дружат помеѓу себе и добро да се забавуваат креирајќи нова хармонија на соживотот во Тетово.